# Ново Срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 119, Дата: 20. 02. 2012.**

## Турско кафе !?



Честопати кога ке порачам обично „**турско кафе“**, келнерот знае да ме исправи и да ми понуди „македонско кафе“. Кој е во право? Во соседните земји исто така ќе ви понудат „српска кафа“ или „б’лгарско кафе“, а во Грција подобро порачајте си „капучино“, или чај. Се заинтересирав од поодамна зошто е црното кафе - „турско кафе“, кога знаеме дека кафето доаѓа од Колумбија, Бразил или Етиопија. Од друга страна преку турските серии научивме дека Турците најчесто пијат чај. Но како и да е, од некаде ја „собрав“ приказната, што е многу невообичаена, чудна, дури и смешна.

Пред почетокот на една од многуте војни во Европа, поготово на Балканот, една цела композиција вагони, полна со вреќи зрнесто кафе за Истанбул, била “заглавена” на железничката станица во Виена, Австрија. Заради војната, возот не можел да продолжи понатаму. Стоел така натоварен неколку месеци и почнало да се шири мирис на кафе, насекаде во околината. По некое време цела Виена мирисала на кафе. Луѓето почнале да прашуваат од каде доаѓа таквата арома. Одговорот бил: “од турското кафе!”. Се мислело на кафето што е натоварено за Турција. И замислете од тогаш до денес, сеуште така го нарекуваме. Незнам колку оваа сторија е вистинита, но ако ништо друго, од газдата на еден скопски ресторан, за неа добив бесплатно “турско кафе”.

Сигурен сум дека има и други такви називи, за кои се чудиме од каде си го добиле своето име. Се надевам дека ќе ги пронајдам и сториите за “француски лежај”, “штипски чочек”, “бечка шницла”, “полско ве-це”... итн. Како и да е, додека секој ден си го пиеме „турското кафе“ и си спомнуваме за потеклото на неговото име, добро е да научиме и за потеклото на еден друг назив- **„христијанин“.**

И врапчињата на гранките знаат дека овој збор се однесува на луѓе кои веруваат во Христос и не е спорно дека христијаните името го добиле по Него. Но тоа се случило дури околу 40г. по Христа.

Во Библијата стои запишано *„И така,( Павле и Варнава ) цела година се собираа со црквата и поучија многу народ. Прв пат во Антиох учениците ги нарекоа христијани*. **(Дела 11:26).**
Интересно е да се забележи дека другите луѓе нив ги нарекле „христијани“, набљудувајќи го нивниот живот и слушајќи за што (или за Кого) тие постојано зборуваат. Првите христијани ја користеа секоја прилика да зборуваат за Христос. Тие се трудеа да живеат онака како што живееше и Нивниот Господ и Спасител. Токму со такво поведение заслужија да го носат Неговото име.

**А што е со тебе? Ако луѓето би набљудувале како живееш и за што (или за кого) најмногу сакаш да зборуваш, без да ја знаат твојата верска припадност, дали би те поврзале со Христос !?“**



Се раскажува за Александар Македонски, дека во една битка со непријателот, приметил како еден од неговите војници исплашен бега од бојното поле. Подоцна, кога го сретнал, го прашал како се вика, а војникот одговорил: „се викам Александар. Го носам вашето име“. На тоа големиот војсководец прокоментирал: „Ако е така, тогаш или смени си го името, или смени си го поведението“.
Уверен сум дека и Христос, со истата порака би се обратил до оние кои се нарекуваат христијани, а не живеат согласно Неговото учење и волја: „Или смени си го името, или смени си го поведението“.

**Автор- пастор Мирче Андреев од Е.Ц.-Скопје**

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**